***З А П И С Н И К***
***од првата (конститутивна) седница на новоизбраниот***
***Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 15.11.2021 година***

Седницата се одржа во во просторијата за состаноци во Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 9 (девет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Љупчо Најдовски, Александра Трајковска и Јасмина Јовановска. На конститутивната седница отсуствуваа двајца советници Валентин Несторовски и Јордан Кромидаровски бидејќи истите имаа позитивен тест на Ковид 19.

На седницата присуствуваше и Градоначалникот на Општина Демир Хисар, Никола Најдовски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

Седницата ја отвори претседателот на предходниот состав на Совет Благоја Станојоски, а потоа го покани највозрасниот член Љупчо Најдовски да ја води седницата на Советот.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Избор на Верификациона комисија во состав од 2 члена и претседател.

2.Донесување на Решение за верификација на мандатите на новоизбраните советници на општина Демир Хисар со мандат 2021-2025 година.

Претседавачот Љупчо Најдовски ги поздрави присутните, а потоа премина на расправа по точките од Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Избор на Верификациона комисија***

Согласно Деловникот за работа Претседавачот на седницата Љупчо Најдовски за претседател на Верификационата комисија го предложи Сашо Михајловски, а потоа ги замоли присутните да предложат двајца членови за комисијата. За членови во комисијата беа предложени Ивана Кочовска и Аце Јанкуловски. Други предлози немаше. За предлогот гласаа 9 „за“. Претседавачот Љупчо Најдовски констатира Верификационата комисија во состав: претседател Сашо Михајловски и членови Ивана Кочовска и Аце Јанкуловски е избрана едогласно.

Претседавачот Љупчо Најдовски даде пауза додека избраната Верификациона комисија се повлече и врз основа на известувањето доставено од страна на Општинската изборна комисија Демир Хисар, Уверенијата на доставени од страна на советниците и документите за идентификација, да изготви извештај со предлог за верификација на мандатите на новоизбраните советници и да го достави до Советот на Општина Демир Хисар.

***ТОЧКА 2. Решение за верификација на мандатите на новоизбраните советници на општина Демир Хисар со мандат 2021-2025 година***

Откако Верификационата комисија ги разгледа материјалите и изготви извештај се продолжи со работата на Советот и најпрво збор зеде Претседателот на Верификационата комисија, Сашо Михајловски го прочита извештајот. Верификационата комисија ги разгледа материјалите и изготви извештај со предлог за верификација на мандатите на присутните девет членови на новоизбраните советници и тоа Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Љупчо Најдовски, Александра Трајковска и Јасмина Јовановска. Додека на членовите на Валентин Несторовски и Јордан Кромидаровски позитивни на ковид 19, верификацијата на мандатите ќе биде извршена на една од наредните седници кога истите ќе бидат присутни. Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски праша дали некој од присутните има забелешка. Бидејќи никој не се јави за збор Извештајот со предлог за верификација на мандатите на деветте присутни советници го стави на гласање. За предлогот за верификација на мандатите гласаа 9 „за“. Претседавачот Љупчо Најдовски констатира предлогот за верификација на мандатите едногласно е усвоен. Потоа продолжи согласно член 38 од Законот за локална самоуправа новоизбраните членови на Советот даваат свечена изјава- Заклетва. Ги замоли присутните да станат и сите заедно да ја прочитаат свечената заклетва, а потоа да ја потпишат. Со желби за успешна работа и соработка во мандатот на овој состав на советници претседавачот Најдовски ја честиташе верификацијата на мандатите на советниците.

Градоначалникот Никола Најдовски се обрати на присутните советници посака успешна работа, добра соработка, да се оставаат настрана политиките, сите сме избрани од народот и заедно успешно да ги реализираме проектите, а тоа се проекти кои се од интерес на граѓаните.

Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски констатира точките од Дневниот ред се исцрпени со тоа ја затвори конститутивната седница, а за наредна седница советниците ќе бидат известени.

Бр. 17-1124/4 Совет на Општина Демир Хисар
25.11.2021 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.